ХОТЕЛСКО УГОСТИТЕЛСКО АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
"МАКЕДОНИЈАТУРИСТ" А.Д.
Бр. 02-1328
15.04.2020 год.
СКОПЈЕ

## "МАКЕДОНИЈАТУРИСТ" АД СКОПЈЕ

Согласно член 383, 384, 483 и 365 од Законот за трговски друштва, Собранието на акционери на "Македонијатурист" АД Скопје на ден 15.04.2020 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**за распределба на добивката на "Македонијатурист" АД Скопје за годината која завршува на 31.12.2019 година**

**Член 1**

Добивката по оданочувањето по Годишната сметка на "Македонијатурист" АД Скопје за годината која завршува на 31.12.2019 година, во износ од 106.107.506,00 денари, да се распредели на следниот начин:

| | |
|---|---|
| Структура на распределбата: | |
| Дел за инвестиции | 106.107.506,00 денари |
| **СЕ ВКУПНО:** | **106.107.506,00 денари** |

**Член 2**

Средства издвоени од добивките за Законски резерви од оданочените добивки до 2008 година, кои го надминуваат износот над предвидениот законски минимум од 10% од капиталот согласно ЗТД да се распределат во Акумулирани добивки до 2008 година.

Средствата издвоени во минатите години од добивките по оданочување наменети за реинвестирана добивка по Одлука на Собранието на акционери на Друштвото кои не се искористени за даночно ослободување да се распределат во Акумулирани добивки за соодветната оданочена година.

**Член 3**

Исплатата за дивиденда за 2019 година во износ од 92.393.994,00 денари, ќе се надокнади од Акумулирани добивки до 2008 година.

**Член 4**

Дополнителните издатоци по одлука и Статут, во бруто износ од 16.505.640,00 денари ќе се распределат со одлука на Надзорниот одбор на Друштвото, во која ќе бидат утврдени поединечните износи на овие издатоци, според проценка на вложен труд и постигнати резултати.

Износот од 16.505.640,00 денари ќе се надокнади од нераспределените Акумулирани добивки до 2008.

**Член 5**

Средствата за награди за Надзорниот одбор во бруто износ од 1.250.000,00 денари ќе се исплатат на товар на трошоците на Друштвото.

Поединечната распределба на средствата на став 1 од овој член на членовите на Надзорниот одбор, ќе се изврши со посебна одлука.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач на Собрание,

Н. Киш...

Хотелско-угостителско акционерско друштво МАКЕДОНИЈАТУРИСТ СКОПЈЕ